www.szdm.mk; szdm.mk@gmail.com

# *ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ДИЈАБЕТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА*

**Скопје, Јануари 2020 год.**

www.szdm.mk; szdm.mk@gmail.com



***Почитувани соборц(к)и, Не случајно Ве насловувам со соборци, ние токму заедно не своеволно, не по сопствен избор, туку судбината не одреди да сме „семејство“, кое има само еден избор – да се бори со најмодерната пандемија, со најслаткиот „убиец“ Шеќерот! Со чест но и огромна обврска пред себе, решив да бидам само прв со сите Вас, прифатив да бидам во битка која не признава и не прифаќа никакви разлики и припадности, освен една Борба против Дијабетесот! Заедно со иљадници луѓе – судбини, во нашата држава околу 11,5 % од населението, сакаме само едно единствено Да имаме право на квалитетен живот со дијабетесот! Посветено ќе работиме на превентивно дејствување, унапредување и заштита на здравствени услови - создавање услови за подобар квалитет на живот за пациенти со хронични заболувања. Моето лично мото, во овој процес е „Ако има можност и со г-дин ДИЈАБЕТЕС ќе се соочам директно, и него ќе му помогнам да не напушти, да не остави здрави и среќни да живееме со нашите семејства“! Да - за храброст и мудрост! Секој од Вас е важен, не за политики, туку за справување со непријателот, затоа за секој има место, во СЗДМ, за сите инцијативи, барања и релевантни акции, кои ќе превенираат, едуцираат, насочуваат, а пред се ќе носат промена за уште подобри здравствени услови и сервиси во секоја амбуланта, кај секој лекар и специјалист. Посакувам, секој ден да имаме среќа, да имаме позитивни промени – пред се Децата да имаат живот со помалку болка, да имаме достапност до најсовремената квалитетна терапија, да имаме можности за лекување само на дијабетесот, а не и негови компликации! Затоа во нашето „возило“ СЗДМ има место за секој добронамерен, Ве покануваме да ни се приклучите, за побргу да стасаме до нашата мисија.***
***Со почит.***

**Диме Велев**
**Претседател на СЗДМ**



***Ако животот со дијабетес може да го опишеме како долго возење, ние ќе бидеме основата која ќе даде се од себе за тоа патување да е побезбедно. Како СЗДМ ќе се залагаме за унапредување на статусот на лицата со дијабетес во општеството преку различни активности како и меѓународна соработка која ќе ни донесе знаење и искуства потребни за остварување на нашата цел.***
***Со почит,***

**Рената Јакимовиќ**
**Потпретседателка на СЗДМ**

www.szdm.mk; szdm.mk@gmail.com

**Сојузот на здруженија на дијебетичари на Македонија СЗДМ** е национална организација која ги застапува правата, интересите, проблемите и обврските на околу 125.000 лица со дијабетес, слободно и независно здружени и организирани во 23 здруженија на граѓани во 21 општина.

Според податоците од Интернационалната Дијабетес Федерација (IDF) од 2018 година преваленцата за дијабетес во Македонија е повисока од светскиот просек и изнесува **11.2%** што соодветствува на **175.100** лица на возраст од 20-79 години, или **секој 9ти** возрасен човек во Македонија има дијабетес. Поради овие причини ние се посветуваме заедно со сите чинитиели кои се повикани и посветни за почитување на правото на здрвствена заштита и пристап до лекување, за создавање и обезбедување на поквалитетен живот за лицата со дијабетес.
Превенцијата е неопходен и неизоставен дел за намалување на оваа преваленца, па така СЗДМ се посветува на едукација и на општата популација.

Земајќи предвид дека значителен дел од населението има ризик фактори за дијабетес, овој тренд се очекува да расте во иднина, доколку итно не се преземат соодветни мерки. Справувањето со дијабетесот е доживотен процес кој може соодветно да се контролира и да се обезбеди долг и квалитетен живот за лицата со дијабетес. Од друга страна несоодветната контрола води кон тешки компликации, кои претставуваат голем здравствен, социјален и економски проблем. Имајќи ја предвид преваленцата на дијабетесот, импликациите од социјалниот и економски карактер може да бидат поразителни.

Ние како Сојуз, во 2020 година ќе се посветиме и на решавање на проблемите и предизвиците со кои семејствата на децата со дијабетес се соочуват секојдневно, преку давање на целосна партнерска заштита и соработка.
Нивниот број не е впишан во преваленцата спомената погоре, а според Универзитетската Клиника за детски болести - Скопје, регистрирани се околу 500 деца со дијабетес тип 1 чиј број се повеќе расте.

**Мисија:**

СЗДМ е граѓанска организација чија мисија е подобрување на квалитетот на животот на лицата со дијабетес преку залагање за поквалитетен здравствен сервис за истите, едукација на нивните семејства и подигање на свеста кај граѓаните за дијабетесот, во соработка со сите стратешки партнери и надлежни институции во Македонија.

**Визија:**

СЗДМ е водечка организација која ги застапува и претставува интересите на здруженијата на лицата со дијабетес. Организцијата влијае врз подобрување на легислативата, здравствените и општествено-социјалните стандарди на истите, како и за еднаков третман на лицата со дијабетес во Македонија.

www.szdm.mk; szdm.mk@gmail.com

**Вредности:**

СЗДМ преставува заедничко семејство, посветено изјавува дека нас ќе не водат следните вредности:

**Чесност:** реализација на нашите ветувања се приоритет број еден. Секогаш сме за вистината, ќе се придржуваме кон доверливоста и почитување на приватноста на другите.

**Сочувство:** Ние се однесуваме со емпатија и без предрасуди, почитувајќи ги маките на другите се водиме со нашата емпатија во акција.

**Интегритет**: одржување на високи стандарди на личното однесување и вградување на нашите вредности во нашата организациска политика, постапки и однесување.

**Солидарност:** се поддржуваме еден со друг во рамките на глобалната заедница од дијабетес.

**Креативност:** флексибилни, бараме иновативни и алтернативни идеи, подготвени да се соочиме со предизвикот на конвенционалната мудрост и да ги користиме совесно и полезно дадените можности .

**Културни вредности:** ги почитуваме културните вредности и ги признаваме човековите права на сите луѓе.

**Соработка:** Соработка е нашиот стил на работење. Го практикуваме отворениот дијалог и слободата на изразување.

**Прифаќање на ризик:** Ние сме смели, сите сме различни, си поставуваме амбициозни цели и го прифаќаме ризикот при заштита на нашата организација.

**Независност:** СЗДМ е независен, независноста е наша определба, не сме и не може да бидеме заложници на која било друга организација, институција, претпријатие и партија.

**Истрајност и доследност:** Ние сме истрајни и доследни на нашите цели, во рамките на нашите можности ќе правиме сè за подобар живот на луѓето со дијабет. Како и да учиме од своите грешки.

www.szdm.mk; szdm.mk@gmail.com

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА СЗДМ

- Подигнување на свеста кај граѓаните за дијабетесот;
- Учество во реализација на Националната програма за дијабетес;
- Унапредување на едукацијата, мотивацијата и превенција од дијабетес;
- Јакнење на капацитетите на здружнијата во СЗДМ ;
- Институционално зајакнување на СЗДМ

- **Цели на годишната програма:**
    - Кампања за подготовка на Национален регистер
    - Едукација/Превенција
    - Здравствени бенифиции за лицата со дијабетес
    - Лобирање
    - Реорганизација на СЗДМ
    - ДИА ЕУРО ТИМ
    - Вмрежување, Конференции, настани, дружење

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

- 25 здруженија на лица со дијабетес и нивни асоцијации и неформални групи на граѓани
- 125.000 лица со дијабетес од кои околу 44.000 инсулин зависни дијабетичари
- Здравствените власти, медицински установи, оргагнизации и бизнис заедицата

www.szdm.mk; szdm.mk@gmail.com

## СОРАБОТКА

СЗДМ како граѓанска организиација, своите активности ќе ги реализира на принцип и на партнерска соработка со релевантни и засегнати страни. Соработката - вмрежувањето во најголем дел ќе се заснова на веќе воспоставените принципи на стратешки цели и намери со Националната комисија за дијабетес, Научното здружение на ендокринолози и дијабетолози на Македонија, Клиниката за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот, Клиниката за детски болести, Центрите за дијабетес при ЈЗУ низ државата и Институтот за јавно здравје, со кои ќе крираме заеднички програмски определби и проектни акции.
Воедно ќе се посветиме и на соработката со јавниот здравствен сектор, приватните здравствени институции, компании, граѓански организации и други. Ние ќе посветиме сериозно внимание на градење на заедничка соработка со лекарите од семејна медицина и соодветните стручни здруженија, сите останати клиники кадешто се третираат компликации од дијабетесот (Кардиологија, Нефрологија, Офталмологија, Неврологија, Неврохирургија, Тораковаскуларна хирургија, Пластична хиругија, Гиникологија и акушерство, Стоматологија и др.) Агенцијата за лекови и медицински средства, лекарски комори, лекарски друштва, министерства и управи кои се надлежни за унапредување на условите за образование, работа и живот на лицата со дијабетес. СЗДМ е посветен за континуирана соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, соодветни експерти од областа, како и експерти од фармакоекономија, медицинските професионалци, институции и општините.
Дијабетесот како заеднички имател на сите луѓе, не насочува на итна потреба за воспоставување на регионална соработка со националните сојузи и организации на лица со дијабетес, како и со Европската мрежа на здружување на лица со дијабетес.

## СВЕСТКИ ДЕН НА ДИЈАБЕТЕСОТ – 14 Ноември

Покрај редовното делување за подигнување на свеста кај граѓаните за дијабетесот како здравствена состојба, негова превенција и едукација за истиот СЗДМ ќе подготви посебна порграма за одбележување на Свесткиот ден на дијабетесот 14 Ноември, во чии рамки се сите членки на сојузот, раководството и други чинители, а мотото и темата за истото ќе биде онаа која ја дава Интернационалната Дијабетес Федерација. Концептот за активности ќе се насочи кон соработка со јавните инситутции, образовните установи и приватниот сектор како и здружување на оние кои се најмногу засегнати од оваа тема.

## СТРУКТУРА

Заедничкиот влог во реализација на активностите на оваа програма, се пред сè на 20те здруженијата на дијабетичари и нашите стретшки партнерски организации на лица со дијабетес (БАЛАНС МК, здруженија на дијабетичари кои не се членки на сојузот), кои секојдневно се активно посветени на нас засегнатите. Лидерството на СЗДМ заедно со извршните органи и регионалните координатори ќе ги планираат, реализираат и мерат видливите резултати од активностите. СЗДМ својот буџет ќе го практикува преку проектно работење, со донации, спонзорства и партенерски односи со компании, граѓани, локални

www.szdm.mk; szdm.mk@gmail.com

власти и Националната комисија за дијабетес. Посебен акцент оваа година ќе биде ставен на соработката и можното зачленување во националните мрежи, коалиции или платформи, пред сè на организации на пациенти, како и на други чија цел се почитување на човековите права, слободи и правото до пристап на квалтетно здравство.

## ОЧЕКУВАНИ ПРОМЕНИ

Здруженијата на лица со дијабетес здружени во СЗДМ како и партнерските организации и Сојузи, ќе ја спроведува годишната програма, со надеж дека државата ќе ја донесе Националната програма за дијабетес 2020 – 2030 година, ќе се изработи официјален единствен Национален регистер на дијабетичари, да се донесе првиот Акционен план за 2020 година за имплементација на Националаната Програма, да се зголеми свесноста кај граѓаните за ризикот од дијабетес. СЗДМ очекува да воспостави целосна функционална внатрешна структура, каде секоја инцијатива и/или предлог ќе биде брзо ефективно и ефикасно разгледана и по можност спроведена. Со делувањето на СЗДМ императиви во годината ни се: да се овозможи еднаков пристап до најсовремената иновативна терапија и медицински помагала за континуирано мерење гликемија за сите лица со дијабетес и да се покаже преваленца на пад на растот на дијабетесот во државата.

## АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РАБОТА:

| **Приоритет: Нацонален регистар** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратегиска цел на СЗДМ:** | | | | | |
| **Цел1: Кампања за подготовка на Национален регистер** | | | | | |
| **Активности** | **Временска рамка** | **Одговорен/вклучени** | **Целна група** | **Индикатор** | **Ресурси** |
| **Кампања за подготовка на НР** | Континуирано | ИО | МЗ<br>Собрание | Изработен Регистер | |
| • **Дебати 4** | Квартално | ИО<br>Челнови на СЗДМ<br>Експерти<br>МЗ | | | |
| • **Медиумска кампања**<br>• **24 интерјуа** | 2 пати месечно | Здруженијата | Граѓани<br>Институции | Објавени интервјуа | |
| • **Кампања преку социјални мрежи** | | Да се одредат одговорни | | | |
| • **Електронски едукативен центар од Битола да се направи на** | Февруари | ИО | Здруженијата<br>Граѓани<br>Лица со дијабетес | Превземена обврска и функционална страна/ЕЕЦ | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **национално ниво од СЗДМ** | | | | | |
| **Цел2: Едукација/Превенција** | | | | | |
| • **Формирање на едукативни центри** | Континуирано | ИО<br>Здруженијата<br>МЗ<br>Општини | Лица со дијабетес<br>Граѓани | 1 функционален центар | |
| **Цел3: Здравствени бенифиции за лицата со дијабетес** | | | | | |
| • **Да се собеарт предлози од здруженијата за бенефиции**<br>• **Програма за бенефиции на СЗДМ** | До 30 Април<br><br>Мај | Здруженијата<br><br>ИО | Лицата со дијабетес | Направен предлог за бенефиции | |
| **Цел4: Лобирање** | | | | | |
| • **Предлози од сите здруженија**<br>• **Програма за лобирање на СЗДМ** | Февруари<br><br>Март | Здруженијата<br><br>ИО | | | |
| • **Лобирање за пренасочување на донаторки средства (од фармацевтски компании) за едукација на матични и други доктори за едукација на лицата со дјабетес)** | Април - Мај | ИО | Фармацевтски компании | Одржани состаноци 10 Тринибини 8 | |
| • **Развоен план за едукација на доктори во примарно и секундарно здравство** | Јуни - Јули | ИО<br>здруженијата | Доктори | Подготвен план | |
| **Цел5: Реорганизација на СЗДМ** | | | | | |
| • **Усогласување на Статутот со законото за здруже нија и фондации** | Јуни | | | | |

www.szdm.mk; szdm.mk@gmail.com

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| • **Екипирање на СЗДМ**<br>• **Назначување на одоговрни лица/комитети** | | | | | |
| • **Регионалиција** | Континуира но | | | | |
| • **Организациска структура на СЗДМ** | | | | | |
| • **Барање пари/фондови за финансирање на активностите на СЗДМ** | | | | | |
| **Цел6: ДИА ЕУРО ТИМ** | | | | | |
| • **Вклучување во активностите и Планот на Алекгрија** | **Веднаш** | | | | |
| **Цел7: Вмрежување Конференции, настани, дружење** | | | | | |
| • **Учество на домашни и меѓународни конференции**<br>• **Органзорање на настани/конферн ции/дебати**<br>• **Органзирање на годишна конференција/сп ортски настан на СЗДМ**<br>• **Подготовка на План за овие активности** | континуира но | ИО здруженија | | | |

www.szdm.mk; szdm.mk@gmail.com

## Областите на активностите:

- Волонтирање - преку промоција и развој на волонтерството
- Промовирање на социјална солидарност
- Следење на јавната политика и застапување
- Развој на граѓанското општество
- Информации од јавен карактер и медиуми - преку следење на општествената одговорност на медиуми и други јавни информации и активности на медиуми
- Задушување и заштита од дискриминација - преку заштита на правата на семејството, децата и млади лица со посебни потреби, права на стари лица, заштита и права на пациентите
- Развојна соработка - преку образование и унапредување на здравјето
- Образование - преку едукација за одржлив развој, здрав начин на живот и зачувување на природата
- Социјална помош и поддршка
- Социјални услуги - советување и помош, домашна помош, психосоцијална поддршка, стручна помош и поддршка,
- Физички активности и игри изведени на организиран начин заради промоција здравје и рекреација
- Превентивно дејствување, унапредување и заштита на здравствени услови - создавање услови за подобар квалитет на живот за пациенти со хронични заболувања.

www.szdm.mk; szdm.mk@gmail.com

- **СОБРАНИЕ на СЗДМ:**

1. Здружение на дијабетичари - Струга
2. Здружение на дијабетичари на Општина Охрид
3. Здружение на дијабетичари – Тетово
4. Здружение на дијабетичари – Гостивар
5. Здружение на лица со дијабетес „Алегрија“ – Скопје
6. Здружение на дијабетичари – Куманово
7. Здружение на дијабетичари на Делчево и Македонска Каменица
8. Здружение на дијабетичари – Берово
9. Здружение на дијабетичари – Пробиштип
10. Здружение на дијабетичари „Диајебетичар ИНС“ - Штип
11. Здружение на дијабетичари – Кочани
12. Здружение на дијабетичари на Радовиш, Подареш и Конче
13. Здружение на дијабетичари „Силна надеж“ – Свети Николе
14. Здружение на дијабетичари „Гликоза“ – Струмица
15. Здружение на дијабетичари „Сончева светлина“ - Демир Хисар
16. Здружение на дијабетиари на Општина Битола
17. Здружение на дијабетичари „Светлост за нас“ – Прилеп
18. Здружение на лица со дијабетес „Шеќерче – Lollipop“ - Велес
19. Здружение на дијабетичари – Неготино
20. Здружени за заштита и едукација на дијабетичари „БУВ“ - Скопје
21. Здружение на дијабетичари – Кавадарци

- **Извршен одбор на СЗДМ:**

1. Диме Велев – Претседател
2. Рената Јакимовиќ – Потпретседателка
3. Биљана Солунчевска – Секретар
4. Јордан Синадинов - „Комуникација со медицински установи“;
5. Владо Златковски - „Соработка со НВО организации“;
6. Лидија Дамјанова - „Млади и деца до 20 години;“
7. Драган Станковски - „Спорт и рекреација“;
8. Воислав Јовановиќ - „Регионална соработка“
9. Душко Игневски - „Дијабетес тип 1 и 2“

- **Надзорен одбор на СЗДМ:**

1. Тони Митев – Претседател
2. Мирјана Димеска - членка
3. Иво Дукоски - член